**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување превоз на селидбени предмети

КЛ-крг-13
12-1-мк

[1] Селидбени предмети се осигуруваат само од основни ризици.

[2] Осигурената вредност на селидбените предмети е вредноста која осигуреникот ќе ја наведе во списокот на сите осигурени предмети, кој е составен дел од полисата за осигурување. Уметничките предмети (слики, скулптури и слично), предмети со посебна вредност и уреди за домаќинство, осигуреникот мора одделно да ги прикаже во списокот со поединечно наведени вредности. Останатите предмети (мебел, садови, постелини, облека и слично) може да се наведат по групи.

[3] За предметите кои се содржат од повеќе парчиња (сервиси и сл.), се надоместува нивната пропорционална вредност, а не вредноста на комплетот како целина.

[4] Осигурителното покритие започнува во моментот на утовар на селидбените предмети во превозното средство и трае до моментот на истовар од превозното средство пред куќата.

[5] Осигурувачот ќе надомести можна делумна штета во сразмер помеѓу пазарната вредност и осигурената вредност, наведена во списокот на предмети. Надомест за целосна загуба е вистинската вредност на денот на настанување на штетата, но во никој случај не може да изнесува повеќе од осигурената вредност на селидбените предмети кои се предмет на осигурување.

[6] Осигурување според овие Посебни услови се склучува само ако претходно е договорено осигурување според Општите услови за осигурување на стока во превоз и според Посебните услови за осигурување на стока во превоз против основни ризици КЛ-крг-1. Осигурување на уметнички предмети се склучува според Посебните услови за осигурување на превоз на уметнички предмети КЛ-крг-11.